# ПЕЛАГОНИСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН[1]

| Површина | Жители | Густина на населеност | Населени места бр |
|---|---|---|---|
| 4717 $KM^2$ | 236 088 | 50 | 343 |
| **Градско во вкупно население** | **Гранични премини:** | **Најголеми населени места** | **Етнички состав** |
| 67,6 % | Стење кај Ресен и Меџитлија кај Битола | Битола – 105.550, Прилеп – 66.246,<br>Ресен – 8.748, Крушево – 5.507,<br>Демир Хисар – 2.593, Кривогаштани – 1.870 | Македонци - 88,72%<br>Албанците - 3,62%,<br>Роми - 3,19%,<br>Турци – 2,06%, Власи – 1,04%,<br>Срби – 0,32%, Др. - 0,92%. |

**Степен на развиеност – 2008 - 2012-11-19**

**Класификација на развиеност на регионите**

Во Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеност, Пелагонискиот регион за периодот 2008-2012, се класифицира на следниот начин:

1. **0,73 -** Развоен индекс[2], пондериран просек од економско-социјалниот и демографскиот индекс,
2. **0,79 -** Економско-социјален индекс, индикатори се: БДП по жител, буџетски приходи по жител, растот на додадена вредност на нефинансискиот сектор и стапката на невработеност, и
3. **0,69 -** Демографски индекс, се определува врз основа на природниот прираст на населението, коефициентот на стареење, салдото на миграции на 1.000 жители и завршени студенти на 1.000 жители.

| Плански регион | Според развоен индекс | Според економско – социјален индекс | Според демографски индекс |
|---|---|---|---|
| Скопски | 1,48 | 1,86 | 1,25 |
| Југоисточен | 0,89 | 1,38 | 0,58 |
| Пелагониски | 0,73 | 0,79 | 0,69 |
| Југозападен | 0,72 | 0,50 | 0,86 |
| Полошки | 0,72 | 0,18 | 1,05 |
| Вардарски | 0,69 | 0,63 | 0,73 |
| Источен | 0,67 | 0,95 | 0,50 |
| Североисточен | 0,56 | 0,33 | 0,70 |

**Просекот на БДП по жител** во земјата, во 2007, изнесувал 173.385 денари. Пелагонискиот регион со БДП по жител од 168.560 денари е трет според куповната моќ од регионите во Македонија. Сепак, регионот е под просекот измерен на државно ниво (БДП од 97% од просекот на Македонија), а Скопскиот (БДП 289.622 денари) и Вардарскиот регион (БДП 179.645 денари), кои се на прво и второ место по БДП се над државниот просек. Од ова се гледа дека Македонија има моноцентричен модел на развој, како последица на што сите региони заостануваат во развојот во однос на Скопскиот регион.

Мали претпријатија во регионот со до 50 вработени има околу 7.000, средни 131, а големи 29. Малите претпријатија го преземаат приматот на најголем производител во нефинансискиот финансиски сектор и во 2006 учествуваат со 55% од вкупното прозиводство во Пелагонискиот регион.

**Донесени законски и плански акти**

Стратегијата за регионален развој на Република Македонија[3]
Програмата за развој на планскиот регион
Националниот развоен план
Просторен план на Република Македонија

**Формирани тела**

**Центар** за развој на планскиот регион (ја донесува Програмата за развој на планскиот регион)
**Совет** за развој на планскиот регион (програма за развој на плански регион, годишен акционен план, утврдува годишна листа на предлог-проекти и ја промовира прекуграничната соработка со региони од други земји

---

[1] Стратегија за регионален развојна РМ 2009 – 2019, податоци од Пописот на населението 2002 година

[2] Индекс 1 означува дека нивото на развој на планскиот регион е еднакво на просечниот равој на ниво на држава, што значи дека индексите за Пелагонискиот регион укажуваат на тоа дека нивото на развој на регионот е понизок од просечниот развој на ниво на Република Македонија.
Согласно степенот на развој, Пелагонискиот регион, во периодот од 2008 до 2012, ќе добива 12,9% од средствата наменети за регионален развој, што е важен предуслов за имплементација на моделот на полицентричен регионален развој. Овие средства се наменети за намалување на разликите меѓу регионите како и внатре во регионите.

[3] приоритетите идентификувани со Лисабонската Стратегија на ЕУ

**Совет** за рамномерен регионален развој на Република Македонија (утврдува предлог за финансирање на конкретни проекти од средствата од Буџетот на РМ наменети за планските региони)
**Биро** за регионален развој и самите центри за развој на планските региони (ги дели парите)

**Генерална забелешка за неимплементација на зацртаното:**

Требаше да се потрошат за оваа намена 1% од БДП, што е 65 милиони евра (БДП: 398.491 000.000 денари – 6.500. 000 000 Е). Во 2008 година беа издвоени околу 3.5 милиони евра, предвидени беа исто и за 2009 година.

**Планирање на ЛЕР**

Процесот на планирање на стратегијата треба да ги опфати следниве фази:
**1 фаза:** Организирање активности за создавање менаџмент тим и партнерска мрежа (формирање канцеларија за ЛЕР и советодавен одбор на ЛЕР)
**2 фаза:** Изработка профил на општината[4] и SWOT анализа
**3 фаза:** Создавање стратегија[5] за ЛЕР
**4 фаза:** Спроведување[6] на стратегијата на ЛЕР
**5 фаза:** Разгледување на стратегијата на ЛЕР

- сопственоста на земјиштето (Постапката е бавна и претставува најголема пречка за реализација на планираните инвестиции)
- Еднократна продажба на земјиштето, наместо условување на него да се гради стопански објект

**Програма за развој 2010 – 2015 (ППР) – Основи на SWOT анализата[7]**

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| Географска поставеност на регионот | Незадоволителни инфраструктурни и комунални услови, а посебно во руралните средини |
| Пректично искуство за препознавање и искористување на можности | Демографско староење на населението и негова ограничена образовна надградба |
| Опфатна регионална и локална инфраструктура | Загрозеност на животната средина како резултат на енергетско-индустриските загадувачи |
| Високи потенцијали за динамичен развој на земјоделското производство во регионот | Делумно подготвена општинска администрација за барањата во дел од децентрализираните надлежности |
| Висок степен на економски развој на регионот | Низок економски развој во руралните средини |
| Одлични услови за развој на туризмот | Непостоење интегрирана туристичка понуда за регионот |
| услови за користење алтернативните извори на енергија | |
| институционална поддршка на економскиот развој | |
| **Можности** | **Закани** |
| Можности од Македонската интеграција во ЕУ | Неискористени потенцијали за РР |
| Политиките за поддршка на РРР | Неповолни демографски карактеристики и трендови |
| Зголемен обем на инвестиции во капитални објекти од страна на централната власт | Намалување на потенцијалот на целните пазари |
| Природни ресурси и климатски услови | Отежнати услови за работа во деловното опкружување |
| Интегрално комуникациско поврзување | Високи побарани стандарди за храната |
| Алтернативни облици на туризам | Развојни политики фокусирани на економските компоненти на развојот |

[4] идентификувањето на стратешката насока на локалната економија; насочување на проектите и активностите за зголемување на конкурентноста на локалните подрачја. Потрени се податоци за: моментните стопански активности и трендови, пописот на стопанските дејности, физичката инфраструктура, природните ресурси, локалната географија, атрибутите на заедницата, деловната култура, локалниот развој и способноста за управување, кадарот и способноста, расположивоста на финансиски средства, локалните истражувања и развој, локалните содржини за обука, капацитетот на локалната власт и други локални услови кои влијаат врз работењето.
[5] Уважување на компоненти, како: визија, долгорочни цели, краткорочни цели, програми, проекти и акциони планови. подобрувањето на локалната инфраструктура, промотивните активности и стандардизирањето на административните процедури.
**Особен акцент** : примена на јавно-приватно партнерство, регионалните економски мрежи и намалување на оданочувањето за локалните бизниси на правните лица
[6] Планот за ЛЕР - составен од поединечни акциони планови и проекти (се поаѓа од расположивиот буџет и човечките ресурси, институционалните и процедуралните импликации). Акциониот план претставува хиерархија од: задачи, одговорни страни, распореди, човечки ресурси и систем на степенот на прогрес на секој проект.
[7] Планирање на Планскиот регион, ПРЕДА и некои други актери

**Области за развој биле:**

Подобрување на инфраструктурата во регионот

Заштита на животната средина и одржлив развој

Квалитет на живот и социјална кохезија

Поттикнување на економскиот развој[8] во пелагонискиот плански регион

## Население

| | Општина | Површина | Жители на КМ$^2$ | Населени места | градското население | тотален фертилитет 2006 | Бр. Жители 2002 год | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Битола | 787 | 121 | 66 | 78,2 | | | |
| | Демир Хисар | 480 | 20 | 41 | 27,3 | | | |
| | Долнени | 412 | 33 | 37 | | | | |
| | Кривогаштани | 89 | 69 | 13 | | | | |
| | Крушево | 191 | 51 | 19 | 55,0 | | | |
| | Могила | 255 | 26 | 23 | | | | |
| | Новаци | 753 | 5 | 41 | | | | |
| | Прилеп | 1199 | 64 | 59 | 90,8 | | | |
| | Ресен | 551 | 31 | 44 | 52,0 | | | |
| | Вкупно | **4717** | **50** | **343** | **67,6** | 1,48 % | 238136 | |

**Природното движење на населението**

- Наталитет – потпросечен (год. е и нема обновување на населението), Морталитет - натпросечен
- негативна стапка на природен прираст
- Население надвор од земјата (1994) - 22.5% од вкупното население на Пелагонискиот регион
- Брачноста на населението - намалување на нупцијалитетот и пораст на диворцијалитетот
- Регионот има трипати помал пораст на бројот на домаќинствата од оној на земјата
- Висок уделот на самечките домаќинства, над македонскиот просек
- Образовната структура на населението - квалитетни човечки ресурси.
- (2002 год) Мошне нагласени внатре регионалните разлики (неповолна во сите општини освен во Битола, Прилеп и Ресен, поради големиот удел (повеќе од 60%) на населението со ниско ниво на образование.
- Во 2002 имало 1.8% жители помалку во споредба со 1994 година

На Пелагонискиот регион му се заканува запустување, бидејќи стапката на наталитет има негативен предзнак - 0,23% и е најголем индексот на стареење - 0,8%, со 50 жители на квадратен километар.

- Во 1994 година 22,5% од вкупното население на пелагонискиот регион живее надвор од земјата
- Овој регион има трипати помал пораст на бројот на домаќинствата од оној на земјата.

## Преглед на ресурси на регионот

| Категорија | Ресурс | Количина | Објаснување |
|---|---|---|---|
| **Земјоделското земјиште**[9] | | 276.777 ha | 23% од вкупната земјоделска површина во РМ |
| | Пасишта | 159.007 ha | 57.5% од земјоделското земјиште на регионот |
| | Ораници и бавчи | | 83 % од обработливото земјиште |
| | Жито | | |
| | Можност за наводнување | 100.000 ha | Од сливот на Црна Река |
| **Шуми** | Површина | 144.318 ha | 14% од цела Македонија, 31% од регионот |
| | Дрвна маса | 12 000 000 М$^3$ | 15% од вкупната дрвна маса во РМ |
| | Сечива етат на дрвна маса | 228.000 М$^3$ | 16% од количина на планирана маса во РМ |
| **Рудните наоѓалишта** | Лигнитни лежишта | | |
| | дијатомејска земја | | |
| | бели мермери | | |
| **Води и водни ресурси** | минерални извори | | |
| | Црна Река | | |
| | Преспанско езеро | | |

[8] Столбови на економијата на пелагонија биле: земјоделските производи, преработка на земјоделски производи, експлоатација на минерали, руда и туризмот. Основни приоритети во оваа област биле: Јаболко; зеленчук; Информатичка технологија; Преработка на храна; Туризам; Индустрија за пакување, печатење и дизајн, и Поддршка на економскиот развој со мерки на ниво на регионот во целина (?), Млечната индустрија.

[9] Во 2008 година, од вкупното производство на пченица, 32% или 94.692 тони биле произведени во регионот, 50% или 8.638 тони од вкупниот тутун и 18% од вкупниот број на говеда во Македонија.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Стрежево | | Акумулациии |
| | Прилепско Езеро | | Акумулациии |
| | Чебрен | | планираните акумулации |
| | Галиште | | планираните акумулации |
| **Култура** | Хераклеја | | |
| | градската архитектура | | Битола |
| | традиционалната архитектура | | Крушево |
| **Национален парк** | Пелистер | | |
| **споменици на природата** | Преспанското езеро | | |
| | Маркови кули | | |
| **Туризам**[10] | | | |

**Економија на регионот**

- БДП од 6342 евра по жител (2005 год - 4% повисок од просекот на РМ и 28% од просекот на ЕУ – тоа е второ место од осумте плански региони и учествува со 12% во создавањето на БДП - то.
- **нефинансиски сектор за 2003-2006 г:** позитивни резултати, но растот е низок како резултат на падот на производството во непреструктуираните средни и големи претпријатија.
- малите бизниси бележат раст од 48% во истиот период,
- најзначајни сектори: прехранбена, текстилна, тутунска индустрија, градежништвото и трговијата.

Носители на развојот се малите претпријатија со 55% во вкупното производството и со 60% во вкупниот број вработени во нефинансискиот сектор во 2006 година. Малите претпријатија се карактеризираат со динамичен раст на производството од 48% (2003-2006 г) кога креирале околу 3500 нови работни места, (големите и средните претпријатија во истиот период загубиле 3200 работни места).

Бројот на малите претпријатија пораснал за 24%, а најголем дел од малите фирми се концентрирани во услужниот сектор (80%). Трошоците за работната сила по вработен во малите претпријатија се зголемиле за 1% во анализираниот период, додека кај големите претпријатија се намалиле за 17%, а кај средните се зголемиле за дури 18%. Намалување на бројот на вработените и растот на производството резултираше во зголемување на продуктивноста за 8% во анализираниот период.

Според официјалните статистички податоци, индустријата доминира со учество од 50% во производството и вработувањата, а следат услугите со 39% и 37%, соодветно.

**Земјоделството** учествува со 4% во производството и 5% во вработувањата. Овие податоци се ниски имајќи предвид дека овој регион има традиција во земјоделството и особено, во производството на житни и индустриски култури. Сепак, треба да се има предвид дека голем дел од ангажираните во земјоделството се индивидуални земјоделци во неформалниот сектор, односно не се регистрирани како економски субјекти што ја диктира дадената статистичка слика. Карактеристика е добра големина на земјоделските поседи (нефрагментираност), 20% од површината ја обработуват земјодески претпријатија и **силната специјализација** на производството во неколку главни групи култури:

- житарици (пшеница, јачмен и пченка, шеќерна репка, сончоглед),
- тутун од типот Вирџинија доминантен во Прилепскиот дел од Пелагонија и во општина Могила,
- градинарско производство (пиперка, кромид) и овоштарство (јаболка) доминантно присутни во Ресенскиот дел.
- фуражното производство
- говедарството, овчарството и живинарството.

Има умерена развиена прехранбена индустрија, посебно за преработка на млеко и млечни производи.

| | Додадена вредност во нефинансискиот сектор (во милиони денари) | | | | Учество во вкупното производство (во %) | | | | Учество во Вработувањата (во %) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** |
| **Вкупно** | 6016 | 5303 | 5363 | 6172 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| **Земјоделство** | 120 | 109 | 117 | 99 | 3 | 6 | 3 | 4 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| **Градежништво** | 2515 | 2436 | 2065 | 2305 | 6 | 1 | 51 | 56 | 50 | 56 | 52 | 50 |
| **Индустрија** | 419 | 374 | 563 | 788 | 6 | 7 | 7 | 7 | 10 | 9 | 9 | 9 |
| **Услуги** | 2962 | 2384 | 2618 | 2980 | 29 | 36 | 34 | 39 | 29 | 34 | 33 | 37 |

[10] (ДЗС) Пелагонсикиот регион во 2008 година располагал со 3.053 соби и 8.993 легла, што е 13% од вкупниот број легла во Македонија. Истата година во Македонија биле остварени 2.235.520 туристички ноќевања, од кои само 7% биле во регионот. Од вкупниот број на ноќевања, 85 % биле од домашни туристи и само 15% од странски туристи.

**Пазар на работна сила**

- Висока стапка на активност на населението која во 2002 е 64.2%, а во 1994 година бил 68.5%
- Стапката на вработеност во периодот 1994-2002 година се намали од 51.2% на 38.2%, а стапката на невработеност се зголеми од 22.6% на 40.5%.

**Комунална инфраструктура**

- 580 км **водоводна мрежа -** 95.7% од домаќинствата во овој регион се снабдени со вода за пиење. Во урбаните средини се движи околу 80% (Долнени), 95% (Битола и Прилеп) до 100% (Крушево и Демир Хисар), додека во руралните населби овој индикатор се движи од 30% до 80%.
- Значајни проекти: **проект** на KFW банката за рехабилитација на водоводната мрежа
- 440 км **колекторска и градска мрежа**
- Покриеноста со канализациона мрежа во урбаните средини се движи од 75% во Прилеп до 100% во Крушево, а во руралните средини од 0% (септички јами) до 80%.
- 2 поголеми **станици за пречистување** отпадни води. Една со капацитет од 30.000 е.ж. која е лоцирана во Ресен, а другата во општина Кривогаштани. Има и неколку помали станици (х. Европа, Отешево; х. Молика, Пелистер) кои не се редовно во функција. Завршена е изградбата на пречистителната станица во Могила и главната колекторска мрежа за потребите на општинскиот центар. Покриеноста на населението со пречистителни станици за отпадни води изнесува 5.4%, што е доста под националниот просек од 12.5%.
- Отпадните води од другите населени места се одведуваат без било какво пречистување директно во реципиентот – површинските водотеци или пак во септички јами.
- Депонирањето на цврстиот комунален отпад - т.н. општински депонии, кои, како и насекаде во Македонија, не ги задоволуваат ниту основните санитарно-технички стандарди за безбедно депонирање на отпадот. Постојат 8 депонии кои се евидентирани согласно Националниот план за управување со отпад, а според ризикот за загадување на животната средина се класифицирани на следниот начин: 2 депонии - висок ризик; 1 депонија - среден ризик и 5 депонии - низок ризик.
- на територијата на овој регион постојат голем број на т.н. диви депонии

**Сообраќајна инфраструктура**

- Постојната патна инфраструктура - околу1369 км локални патишта, 113км магистрални, 879 км регионални патишта.
- состојба на дел од магистралниот пат (М-5: Битола – Ресен – Охрид) и особено на регионалниот пат (Р-106: Прилеп-Градско) може да се оцени како лоша.
- Низ овој регион е планирано да поминува дел од кракот 10с од европскиот Коридор 10, како и централната траса на коридорот 8.
- Локалната патна мрежа во овој регион е во лоша состојба, одржувањето на локалните патишта е недоволно и несоодветно, што е резултат пред се на недостаток на финансиски средства, како и форсирање на изградба на нови делници и одржување на улиците во урбаните центри.
- **железничката линија** Скопје-Битола-граница со Грција во должина од 84.2км, како и линијата Бакарно гумно – Сопотница во должина од 29.4км. Вкупната должина на железничката пруга е 113.6км, а двете линии завршуваат со слеп колосек (средна густина од 57.2 км на 1000 км$^2$, а должината на пругите на 100 илјади жители е 47.5км што е над националниот просек од 33.9 км и покажува дека овој регион е подобро услужен со овој вид транспорт во споредба со повеќето плански региони.
- Во околината на Битола и Прилеп се лоцирани два **спортски аеродроми** од класата А, кои се на тревна подлога. Постојат и три леталишта за **стопанска авијација** од кои две се лоцирани во околината на Битола – „Логоварди“ и „Даме Груев“, а едно во околината на Прилеп – „Сарандиново“.

**Енергија**

- Вкупната просечна годишна потрошувачка на електрична енергија во периодот 2003-2006 година изнесува **593GWh** (околу 12.2% од вкупната потрошувачка во РМ).
- копови на лигнит Суводол за потребите на ТЕЦ Битола, кој покрива 60% од вкупните потреби за електрична енергија во земјата.
- ХЕЦ на водоводот Стрежево,
- планирани мали ХЕЦ во подрачјето на селото Брајчино, ХЕЦ Чебрен и ХЕЦ Галиште
- Планиранода поминува нафтоводот АМБО,

**Општествени стандарди**

- **Пензиско осигурување** (во 2006 година имало 1.1 осигуреници на 1 пензионер што претставува понизок соодност од националниот просек. Просечната пензија во овој регион изнесува 89% од националниот просек,

- **Здравствено осигурување**: речиси целосна покриеност на населението со здравствено осигурување, прилично над националното ниво и износот на средства за здравствена заштита во овој регион е повисок од националниот просек.
- **Услови за живот и домување -** најнизок пораст на бројот на станови помеѓу 1994 и 2002 година од 10.8% што е половина од националниот просек. Во поглед на опременоста на домаќинствата со водовод и канализација регионот е под националниот просек, а во 19.3% од становите нема бања и/или клозет

**Систем на населби и урбанизација**

- Урбани населби - вкупно 343 населби, од кои само 5 се урбани: Битола, Прилеп, Ресен, Крушево и Демир Хисар.
- Трендот на просторното проширување на градот и зголемување на урбаното население (Битола)
- Селски населби - 338 селски-рурални населби
- Целосно раселување на 28 населби и појава на 237 мали населби во кои живеат до 300 жители

**Состојба на животната средина**

- чистата животна средина и заштита на природата
- два национални паркови (Пелистер, Галичица), Меѓународен парк Преспа, Преспанското езеро, Баба планина, Илинска, шумовити предели на Крушево, Мариово
- **флора и фаун**а - мапирање на одредени видови, нивна заштита и искористување, како што е случај со споредните шумски производи, бобинки, печурки, лековити билки и сл. Од друга страна заштитата на кафеавата мечка, одредени видови птици во Преспанскиот и Мариовскиот регион и специфичната фауна на островот Голем Град која е од посебна важност за регионот.
- **Справување со отпадни води (канализација)**
- Депонирањето на цврстиот отпад (депонии и диви депонии)
- **Загадувањето на водите** - Реките Драгор и Црна се од трета или четвртата категорија, состојбата со водите на Преспанското езеро е подобрена (изградба на колекторскиот систем)
- Загадувањето на воздухот - РЕК Битола.
- Што се однесува до состојбата на заштитените подрачја може да се констатира голем напредок

**Подрачја со специфични развојни потреби** (одвоени ридско-планински, погранични и рурални места

- Нова законска регулатива (Закон за земјоделство и рурален развој, Службен Весник на РМ бр. 49/2010)

## Анализа на состојбите во Пелагонискиот плански регион

Оваа анализа е подготвена преку SWOT алатка, но не е пополнета како што треба, а со тоа има потполно погрешни резултати, премиси, насоки. Би било опасно ова да се земе како било каков плански акт.
Анализата е изготвена од аматери, чие ниво на способност, посветеност и искуство не може да биде ништо повисоко од најниско. Дури и на ниво на добра волја, оваа анализа би била чекор назад во вештината на планирање. Во продолжение е кратка анализа на најдувањата од планирањата.

**Предности (Силни страни) на регионот**

1. ***Географска поставеност на регионот***[11]
2. ***Практично искуство во регионот за препознавање и искористување на можности за реализација на развојни проекти***[12] - директно искуство со реализација на проекти за прекугранична соработка, искуство во регионалната соработка од развоен карактер, регионалната развојна агенција Пелагонија – ПРЕДА.
3. ***Опфатна регионална и локална инфраструктура***[13]
4. ***Високи потенцијали за динамичен развој на земјоделското производството***

- Обработливо земјиште и богато искуство во производство на житни, градинарски и овоштарски култури
- Климатските услови и почвените фактори
- сточарско производство[14],

[11] празни и недокажани приказни дека регионот имал добра геостратегиска положба, нешто што е барем 30 години исфрлено од сите учебници. Да се каже дека бил регионот бил во близина на Виа Егнатиа –непостоечки пат од Римско време, е смешно.

[12] десетици пати до сега сите овие “институции” не сработиле ништо корисно, а самите проекти се избираат низ политички манир, најчесто се неимплементирани или само номинално имплементирани, а и да не е така, тие се толку мали за една општина, што нема да доведе до било каков видлив импакт, ниту до развој на хумани ресурси. Практично искуство, за вакви проекти нема, освен кај Стопанската комора. Потребата од самославење на инволвираните институции се практика, која над 10 години постојано го читаме во нивните извештаи, а и ние самите сме сведоци на нивните активности, на кои веќе и не се појавуваме, затоа што претставуваат губење време.

[13] Во истиот плански акт се говори дека е таа слаба, неразвиена

[14] Статистиките покажуват спротивен тренд – сточарството стагнира

- можност за искористување на отпадниот органски материјал (добивање метан или органиско ѓубриво, биомаса и/или биогас).
- земјоделска инфраструктура[15] (леталиште, систем за наводнување, 3 вештачки акумулации[16])

5. ***Висок степен на економски развој на регионот***[17]

- Производство на електрична енергија
- сектор за преработка на прехранбени производи,

6. ***Одлични услови за развој на туризмот***[18]

- природни, културно – историски локалитети
- традиционални и новосоздадени настани (пивофест-Прилеп, музички фестивал “Пеце Атанасоски”-Долнени, денови на македонска народна носија-Кривогаштани, фестивал „Браќа Манаки”, Илинденски денови-Битола, Театарски игри „Војдан Чернодрински”, Крушево-етноград и др)
- зимски и летен туризам (Баба,Мусица и Галичица, Преспанско езеро[19]
- ловен туризам[20]
- алтернативен туризам[21] (Брајчино и Бабино, Крушево)
- специјално место во одбележувањето на борбата на Македонскиот народ за осамостојување, Крушево[22] и Смилево
- Автентичата архитектура, монументалност и зачуваност на манастирите, реконструкцијата на конаците, заживување на манастирските активности[23]
- производството на типична храна[24]
- селски туризам[25]

---

[15] Произволен фактор и потполно неточен

[16] Никаде не е кажано колку земјиште може да се наводнува од нив, каде постои хидро систем, во каква состојба е тој хидросистем, старост и проблеми на дистрибуцијата на вода, губиток на вода и слаба нејзина наплата...

[17] Тогаш зошто ни е сето ова? Колку работни места генерира тој висок развој? Бројот на невработени во Пелагонија е 100 % над македонскиот просек.

[18] Видлива нескромност и незнаење! Одлични услови имаат Малдивите, Атина, Рим... Ние можеме да имаме само потенцијал, а не и услови, заради тоа што се вели дека немаме ниту понуди, а камоли услови. Сите овие идеи се предалеку од било каква реализација.

- Нашите локалитети не се приспособени за туристички посети,
- немаме каде да им ги земеме парите на туристите (нема утилити центри),
- нашите манифестации слабо зааботуваат по единица мерка (продадени производи, број турист, искористен метар квадратен уреден простор, повикани и платени актери за забава....).

[19] Преспа? Со сите 10 метри долга плажа?

[20] Ловниот туризам бара огромна и скапа инфраструктура за грижа за дивечот. Понатаму, овој вид туризам бара екстремно високо почитување на законите, силни инспекциски служби и не трпи никаков степен на политичка инволвираност. Во спротивно, дивечот е убиен, не е надокнаден, регионот е девастиран, а само поединци ќе профитираат без да платат даноци. Што ние имаме од сето тоа и како тоа би го создале, во овие општествени и политички услови?

[21] Оваа флоскула постојано се повторува во сите планирања и тоа кај сите региони. Дали е можно дека алтернативниот туризам е наша судбина? Ако запрашате, никој нема да знае да каже што е тоа алтернативен туризам.

[22] Планерите се занеле во планирањето, па не се сетиле дека говорат за економски развој. Во Крушево нема инкасирање на пари од тие посети. Да не се државните пари, Крушево нема да може да ги плати ниту штетите од туристите, а камоли друго. Да развиваш туризам (било каков) значи дека треба да инкасираш пари од тој туризам, а за таа намена треба да има понуди, сувенири, услуги, начини на оданочување, организирани тури, колатерални понуди. За тоа треба знаење, посветеност и вера. ВО Крушево ништо од тоа не можеме да видиме.

[23] Како би правеле манастирски туризам? Со монасите? Која инфраструктура за туристите ја нудат? Кои водичи ги имаат, дали знаат странски јазици....Каде е познавањето на јазиците во анализата? Знаат ли дека манастирите се скоро затворени за јавност? Знаат ли дека таму нема понуди на храна, вино, ракија, добри, препознатливи и брендирани сувенири? Како би се наректа туристичката тура? Дали е тоа верски туризам, амбиентален, гастрономски? Автентичноста и туризмот не одат заедно. Доволно е да имате понуда, на која ќе измислите убава приказна (ако веќе ја има – тоа е подобро), а туристите имаат дистанца од вистинитоста на приказните, односно знаат дека е тоа само приказна. Тоа не им смета да уживаат во местото, амбиентот, храната, водењето... и децата знаат дека Дедо Мраз не постои, но не им смета да слушаат.

[24] Не е битно производството, туку продавањето, кое не може да се случи ако нема организирана тура (претходно странските тур – оператори идат тука и гледаат што има од понуди, прашуваат за капацитет, гледаат љубезност, знаење, посветеност, пат, каде туристите ќе одат во тоалет, каде ќе пијат кафе, каде ќе купат храна, сувенири... квалитет на соби, келнерска служба, проточност на објект и капацитет за услуги... потоа тоа го пишуваат во водичи, во понуди за проверка, сондираат терен, се јавуваат кај своите клиенти....). Секој производ може да биде оригинален, екстравагантен... ако се осмисли и се спакува во туристичка тура со носечка приказна.

[25] Каде има такви понуди? Кои агенции тоа го работат? Каде има такви информации? Кој тур оператор од странство е за тоа известен? Кој тоа ќе го работи – дали партиски кадри тоа го можат. Ги знаат ли планерите минималните услови за да се заинтересира странска тур – операторска куќа за ваква понуда? Знаат литие како се оспособува една селска куќа за да

7. ***Поволни услови за користење на алтернативните извори на енергија***
- сончевите и хидро-електраните (треба да е некој очаен ова да го напише – сите имаат сонце и водни ресурси)
- енергијата на ветрот во Крушево (сите имаат ветер, па зошто кај нас да профункционира?)

8. ***Постоење на институционална поддршка на економскиот развој***[26]
- институции и агенции чија основна задача и цел е поттикнување и поддршка на економскиот развој (државна Агенција за поттикнување на развојот во земјоделието, Центар за развој на Пелагонискиот плански регион, ПРЕДА, две стопански комори и неколку здруженија на фармери)
- Високообразовни институции - универзитет Свети Климент Охридски (9 факултети, 1 стручна школа, 3 научни институти и 2 придружни членки), 2 приватни високобразовни институции, Центар за поддршка на почетни бизниси во Битола.

**Слабости (слаби страни)**

1. ***Незадоволителни инфраструктурни и комунални услови - руралните средини ...***
- Урбанистичката документација која е на располагање на единиците на локалната самоуправа е делумно застарена, населените места не се целосно покриени со планска (воопшто техничка) документација за регионот, а посебно е низок степенот на покриеност со урбанистички планови.

2. ***Демографско стареење на населението***[27] ***и негова ограничена образовна надградба***
3. ***Загрозеност на животната средина***
   - загадувачи (РЕК Битола - ТЕ Битола, рудникот Суводол, Брод-Гнеотино, текстилна индустрија, индустрија за производство на шеќер, прехранбена индустрија, леарница за алуминум итн)
   - недоволниот капацитет за пречистување на комуналните и индустриските отпадни води,
   - Општ недостаток на еколошка свест кај населението и бизнис секторот, и слабата регионална соработка на ова поле
4. ***Делумно подготвена општинска администрација за децентрализираните надлежности***
5. ***Низок економски развој во руралните средини***
- Користење државни бенефициите од земјоделците
- Откупот на земјоделски производи - не постои високо ниво на соработка помеѓу фармерите и откупувачите на земјоделски производи,
- Недостаток на добро организирани и ефикасни учесници на повеќето земјоделски потсектори
- Добавувачите на земјоделски суровини не обезбедуваат обуки и услуги за да ги поддржат корисниците.
- Откупувачите на земјоделски производи се главно заинтерсирани за купување на производите по најниска цена[28], а не за високо квалитетни производи кои би овозможиле ефикасен извоз
- Земјиштето поседувано од земјоделските комбинатине не се користи оптимално,
- Парцелите на индивидуалните производители се мали и расцепкани
- Производителите на храна имаат потешкотии со задоволувањето на стандардите за постојаност и квалитет кои се неопходни за настап на меѓународните пазари.

6. ***Непостоење туристичка понуда за регионот***

**Можности**

1. ***Можности кои произлегуваат од Македонската интеграција во ЕУ (***ИПА[29] фондовите, а во следните фази на развојот и Европските структурни фондови).

---

задоволи таква понуда (стандарди на тоалети, стандарди за служење храна, стандарди на соби за сместување, заеднички простории, еколошки, енолошки и гастрономски правила, како да бидат уредени дворовите, како да се осмислат, изградат и да им се даде функција на заедничките објекти...), дали чуле каде има коњи, седла за коњи, колку тие чинат, кој ќе ги чува и храни животните кога нема туристи, дали знаат на која старосна групада и се обратат за таквата понуда, кои се специјализирани тур – оператори за таков вид туризам во Европа...?

[26] **Ова е пародија.** Ако е тоа основниот ресурс (со 10% извинување кон двете стопански комори и неколку здруженија на фармери) за развој, одма да бараме да одиме на печалба во странство. Ако некој сака развој, би било добро овие “славни агенции” да ги заборави што побргу, заради тоа што можат да предизвикаат да се искапите кога врне дожд.

[27] Каква врска има тоа ако знаеме колку има млади невработени. Никој не бара од стопанството да вработуваат лица, кои престанеле да бараат работа или работат нешто “на црно”.

[28] Што се подразбира и овде и секаде во светот.

[29] Ете, доаѓаме до човечките капацитети, кои владата ги мобилизирала, но исто така и до општинските ресурси. Сите тие се мошне слаби и заради тоа не можеме да ги искористиме фондовите во поголем обем. Исто така и онаму каде има добиено грант, тој е добиен не заради квалитетот, туку заради други причини, кои задираат длабоко во политиката и криминалот. Вообичаено, овие фондови само го развиваат криминалот, а никако земјоделието, економијата, туризмот... Кој би имплементирал напреден ИПА проект (има неколку исклучоци при користењето на ИПАРД компонентата)? Тие и да сакаат да не ги украдат парите, не можат, заради тоа што проектот не можат задоволително да го имплементираат, па што друго

2. ***Политиките за поддршка на рамномерниот регионален развој како основа за интеграција на регионалните и локалните политики***

- Националната стратегија за регионален развој и Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион (проекти за развој на селата и развој на областите со специфични развојни потреби[30].
- Субвенции за земјоделско производство[31]
- стимулациите за производство на органска храна (премии, регресии, субвенци, сл)
- искористувањето на поволните услови за инвестирање[32]

3. ***Зголемени обем на инвестиции во капитални објекти од страна на централната власт***
4. ***Природни ресурси и климатски условикако основа за забрзан развој преку искористување на светските трендови[33]***

   - размена на искуства со дијаспората,
   - тренд за побарувачка на здрава храна
   - зголемување на цените на енергенсите[34],
   - светски трендови во развојот на одржлив туризам[35]
   - производството на храна и зголемување на цените на храната,
   - подигнување на стандардите за земјоделско производство во однос на квалитетот[36],
   - валоризацијата на регионалните потенцијали од аспект на диворастечки шумски производи[37]

5. ***Можности за интегрално комуникациско поврзување со непосредната и подалечна економска околина*** (како ова подолу наброено одговара на реченицава само Бог може да знае)

- индустриска зона во Жабени
- Коридор 10 низ Пелагонија

6. ***Зголемување на интересот за алтернативни облици на туризам[38]***

**Закани**

1. ***Неискористени потенцијали за регионалниот развој***

- монополска позиција на институциите на централната власт
- недостиг на средства за финансирање на локалниот и регионалниот развој[39]

---

им останува. Бариерите (посебно институционалните и политичките) за спроведување на таков проект се толку големи, што фингирањето на имплементацијата на преоктот останува единствена солуција.

[30] магловит концепт, кој нема шанси за успех заради непостоење на едуцирани кадри, а постоечките се неспособни – видно оваа анализа, во која потполно потфрлиле

[31] тие, наместо да го зголемат, го намалија домашното производство за 25%, а истовремено увозот на храна се зголеми. Се зголеми и учеството на земјоделството во БДП од 7 на 11 % (што принипиелно не е добро). На пример (податоци искажани од 2 експерти, 2 градоначалници, еден професор, еден инспектор, неколку "земјоделци –бизнисмени") земјоделецот сади хектари и хектари лешници, поминува инспекторот и гледа дека се насадени, но не гледа дека нема доволно вода за тие да се наводнуваат, а сепак земјоделецот добива по 150.000 денари од хектар субвенции. Овој ги заборава лешниците, а никој не контролира што се случило со плантажата. Идната година, на истата површина повторно нешто ќе насади за да земе субвенции (така рече). Друг насадил хектари и хектари тикви и повторно зел субвенции, а тиквите не ги обработувал и ги оставил на нива. Такви примери имаме на десетици. Така, податоците од погоре стануваат потполно јасни.

[32] Не се кажува кои се тие поволни услови за инвестирање (освен општите на ниво на држава, кои се сосема доволни за една нормална држава

[33] Климатските услови не смеат да се впишуваат како можност, а поготово не заедно со други фактори, за кои воопшто не е докажано дека се можности. Ова е паушално набројување. Методолошки е недозволиво ист ресурс да се споменува и како можност и како закана и како силна и како слаба страна. Нема никакви показатели како тоа и зошто нашата дијаспора би се поставувале заедно со климатските услови, ниту показатели, кои би биле катастрофални за ваквото "навивачко" планирање. Секој фактор поединечно треба да интерферира низ силните и слаби страни, а не да се покажуваат заедно, па потоа уште еднаш да интерферираат со можностите и заканите. Цената на храната оди заедно со квалитетот, а ние (сами признаваме) немаме добро пакување, регионално брендирање, сертификати за еко –стандарди, развиени трговски врски, агро – берзански активности...

[34] Каква врска ова би имало со насловот?

[35] Колку аматеризам во една реченица. Светските трендови кон одржливост (не мора да е туризам) постојат од кога постои капитализмот. Одржливо во кој смисол? Дали мислеле планерите на еколошка одржливост?

[36] Зошто е ова можност? За регионот тоа би била закана, затоа што ние не го подигнавме ниту квалитетот, ниту опаковките, ниту брендиравме, ниту развивме марки, ниту менаџмент... Заради тоа чудат од некаде препишаните реченици, кои ништо не значат.

[37] И што после кога ќе го валоризираме? Кому е тоа насочено? Дали планерите мислеле да го развиваат собирањето плодови, нивното нудење на фармацевтската и прехрамбената индустрија, дали од нив ќе прават етерични масла, ќе вадат активни компоненети, растителни бои, ароми... Што?

[38] Каде пронајдоа дека е интересот зголемен? Такви податоци апсолутно не постојат.

- недовршен процес на денационализација[40], нелојална конкуренција, рестриктивна социјална политика
- Инертноста во спроведување на законската регулатива во различни области

2. ***Неповолни демографски карактеристики и трендови***
3. ***Намалување на потенцијалот на целните пазари како последица на актуелните политичко-економски случувања***[41] (се мисли на забавена интеграцијата на Македонија во ЕУ)
4. ***Отежнати услови за работа во деловното опкружување***

- Оддалеченоста и сложените процедури на одредени државни институции
- неповолна политика на кредитирање од страна на банките и непостоењето на повластени услови
- тешката наплата и локална корупција

5. ***Високи побарувања на целните пазари за прехранбените производи од Пелагонија***[42]
6. ***Развојни политики фокусирани на економските компоненти на развојот*** (што беше ова?)

После оваа ментална гимнастика, следат **Средонорочните цели**

**1. Подобра меѓусебна и меѓународна поврзаност на општините во регионот преку планирање и изградба на современа инфраструктура**

**1.1. Подобрување на комуналната инфраструктура**

- подготовка на техничка документација за Проекти во оваа област (водоводни системи и нивни поединечни елементи, улично осветлување, топловоди, речни корита, хидро-акумулациони системи и други објекти одкомунален карактер), како проекти за надградба на постоечките и изградба на нови системи за водоснабдување, активности за оптимизација на системите за давање на комуналните услуги, како пазари, гробишта, паркинзи итн, како и активности за планирање, изградба и одржување на системи за наводнување и одводнување на земјоделските површини.

**1.2. Надградба на постоечката и изградба на нова транспортна, железничка и аеродромска инфраструктура**

- подготовка на техничка документација и проекти за локална и регионална транспортна инфраструктура (локални патишта, регионални патишта, мостови, улици во населени места од значење за регионот)
- студии за подобрување на сообраќајната поврзаност помеѓу општините во регионот,
- Реализација на зацртаното (синдром наречен: Имам резервна гума, но немам автомобил)
- Изградба, реконструкција, доопремување и проширување на противпожарни објекти
- Нови погранични премини

**1.3. Привлекување инвестиции преку подоготвка на урбанистичко-планска и техничкадокументација**

- Изработка на урбанистичко планска документација и нејзина ревизија
- Изработка на развојна и проектна документација како основа за создавање на услови за ...

**1.4. Инфраструктурен развој на Подрачјата соспецифични развојни потреби**

- подготовка на документација и реализација на проекти во сите инфраструктурни области, фокусирано на подрачјата со специфични развојни потреби.

## 2. Заштита на животната средина и обновливи извори на енергија

**2.1. Интегрирано управување со загадувањето**

---

[39] Фала му на Бога што ги нема!!! Ако се тргне од плановите за развој на ЛС, тогаш такви пари и не треба да дојдат, од причина што ниту една општина нема реален план за развој и сите се сведуваат на пусти желби, градење паркчиња, ефтина и краткорочна нискоградба, поправка налокални патишта и градски улици.Како ЛС мислат да ги употребат парите, кога немаат вистински планови за развој?

[40] Процесот е скоро завршен и претставуваше озаконување на грабежот од 1946 до 1965 година. Основните цели за правичност, извинување на државата кон наследниците на национализираниот имот, правилна и правична надокнада... на денационализацијата не беа предвидени ниту во законот за денационализација, а камоли во самата имплементација. Основната стратешка интенција на законот (на секој таков закон и не само кај нас) враќање на имототот и создавање класа луѓе со неукраден, туку наследен имот е девастирана со самите одредби за проценка на имотот, кој не може да се врати, а се дава надокнада за него, како и со членот 10 од законот, во кој стои деканиту еден имот не може да се врати, ако државата одлучила дека е тоа јавен интерес. Се разбира, секој квалитетен и вреден имот стана јавен интерес, а сега се продава за десет до сто пати поголема сума, се разбира, кога не е договорена партиска пљачка на истиот.
Исто така, со тој закон не се враќа подарениот имот на државата од страна на сопственикот, а сите знеме како државата ги принудуваше луѓето да го подарат имотот на државата (лесно е да подариш за да го извлечеш синот од затвор, кој е таму заради истиот тој имот, или кога ќе платиш огромен данок за илјадници хектари твоја шума, а истовремено не ти даваат дозвола да пресечеш 1 метар кубен дрва за огрев, додека сите други смеат да сечат од твојот атар).

[41] Смешно, со оглед на тоа дека тие никогаш не биле наши пазари. Исто би било да го обвиниме Бразил зошто од нас не купува земјоделски производи.

[42] Не само од Пелагонија, туку тие имаат такви стандарди, кои мораат да се задоволат и не само од Пелагонија, туку и од секој друг, кој таму сака да извезува

- Подготовка на техничка документација за проекти (депонии, регионална депонија, канализации, пречистителни станици, заштита на ...)
- Интегрирано управување со цврстиот отпад
- Надградба на постоечки и изградба на нови системи за одведување и пречистување на отпадни води
- Едукација за начините за намалување на загадувањето на воздухот и почвата

**2.2. Зголемување на енергетската ефикасност преку создавање на (**нормативни, административни, финансиски, технички и едукативни**) услови за примена на модерни технолошки решенија**

- Користење на топлинска енергија од РЕК Битола
- Едукација на населението и потенцијалните инвеститори за користење на обновливи извори на енергија
- Изработка на техничка документација за изградба на капацитети за производство на енергија од обновливи извори
- Изградба на капацитети за производство на енергија од обновливи извори

**2.3. Намалување на трошењето на конвенционалните горива со искористување на обновливите извори на енергија**

- Искористување на биомасата, биогасот и биодизелот – како извори на енергија
- Едукација на населението за биомасата и биогасот како и за искористување на потенцијалите за производство на електрична енергија од соларна енергија
- Искористување на потенцијалите за производство на електрична енергија од соларна енергија
- Искористување на водните потенцијали на Пелагонискиот регион

**3. Подигнување на квалитетот на живот и зголемување на социјалната кохезија ворегионот**

**3.1. Креирање на флексибилен и современ образовен систем**[43]

- Јакнење на просторните капацитети во образовните институции
- Зголемување на ефективноста на средното и високото образование, со посебен акцент на професионализација на земјоделската дејност
- Создавање можности за отварање на центри за ран детски развој
- Воспоставување на систем за неформално образование и едукација
- Континуирана едукација на вработените во јавната администрација

**3.2. Подигнување на нивото на социјалназаштита на целото население, со посебен акцент на родовите прашања и ранливите групи во руралните средини**

**3.3. Подобрување на здравствените услуги преку модернизација и надградба на постоечките капацитети**

**3.4. Промовирање на регионалниот идентитет преку Заеднички иницијативи за развој на културата и спортот**

- Промоција на културно-историското наследство од регинот
- Подобрување на условите за култура и спорт во руралните средини
- Унапредување и заштита на културно-историско наследство во регионот
- Изработка на техничка документација и изградба на зоолошки градини

**3.5. Подобрување на квалитетот на човековите ресурси во регионот**

- Подобрување на политиката за менаџирање со перформансите на човечките ресурси
- Развој на капацитетите на човековите ресурси прилагодени за постигнување одржлив развој

**4. Поттикнување на ЛЕР**

**4.1. Јаболка**

- Креирање на советодавен пакет за фармерите за надоградување на нивните практики, како активност со најголем приоритет за подобрување на вредносниот синџир на јаболкото.
- Лобирање до Владата за склучување на договор за слободна трговија со Русија
- Подобрување на услугите кои се нудат од здружението на агро-производители
- Промоција на "Македонското јаболко" како бренд

**4.2. Примарно земјоделско и раноградинарско производство - пиперки и домати**

- Имплементирање на советодавни пакети од АПРЗМ (со поддршка од МААСП и ФФРМ)
- Подобрување на разбирањето и соработката во вредносниот синџир и тоа првично помеѓу фармерите, како и помеѓу нив и трговците и клиентите
- Имплементација на ГЛОБАЛ ГАП стандарди
- Мотивација на младите фармери
- Брендирање на Пелагониските производи (за што?)
- Надоградба на пост-бербените активности, вклучувајќи пакување, складирање и траспорт

---

[43] Ако се зголеми ефективноста на овој образовен систем, тоа би значело дека тој треба да произведува поголем број произволни, некорисни кадри.

### 4.3. Преработка на храна

- Зголемување на свеста помеѓу деловните субјекти и останатите учесници во ЛЕР за важноста на кластерот за преработка на храна (да чинел нешто, немало ова да биде напишано,туку тој самиот би се промовирал и би развил свесност)
- Организирање на компаниите во групи за заедничка имплементација на стандарди (HACCP, ISO 9001:2008)
- Лобирање до клучните компании за проширување на употребата на локални земјоделски производи[44]
- Организирање на фармерите за заедничко снабдување со суровини на преработувачите

### 4.4. Информатичка технологија

- Склопување на производи кои ќе бидат насочени кон специфичните потреби на бизнисите од регионот (хардвер, софтвер и постпродажни услуги)
- Промовирање на специјализирани ИТ обуки според потребите на бизнис секторот
- Формирање на е-Пелагонија веб портал
- Истражување на пазарот за потребите за ИТ во другите сектори
- Припрема на специјализирани ИТ пакети за фармерите
- Развој и примена на специјализирана ИТ опрема (за земјоделието и другите сектори)
- Дополнителни важни, но неразвиени идеи

а) Олеснување на корпоративно управување;
б) Обезбедување на континуитет во работењето (Business Continuity);
ц) Управување со ризици;
д) Безбедносна политика;
е) Стандарди и препораки.

### 4.5. Индустрија за пакување, печатење и дизајн

- Промоција и поттикнување на лидерство за промоција на Пелагонија како центар за иновативност[45] во индустријата за пакување, печатење и дизајн
- Надоградба на капацитетите на клиентите за напредно планирање и програмирање на потребите за нивното производство, врз договорна основа врз реалните потреби за пакување
- Изнаоѓање на нови пазари[46] за оваа индустрија надвор од индустријата за преработка на храна (печатење и пакување)
- Охрабрување на соработка со подизведувачи со малите локални компании кои имаат слободен капацитет (што ова значи?)

### 4.6. Туризам, спорт и рекреација

- Координација на соработката помеѓу учесниците во туристичкиот вредносен синџир[47]
- Мапирање на сите туристички атракции и инфраструктура (нема такви атракции во овој регион)
- Дефинирање и промоција на туристички производи и изложување на саеми
- Воспоставување на курсеви за развој на човечките ресурси во туристичката администрација[48] и понуда на услуги во приватниот сектор[49]
- Обезбедување на субвенции за овозможување на домаќинствата во руралните средини да создадат сместувачки капацитети[50]
- Формирање регионален Центар за унапредување на туризмот (нова тезга за планерите – нели?)
- Креирање брендиран туристички производ (???)
- Подобрување на постојната и изградба на нова инфраструктура за сите форми на туризам, спорт...

### 4.7. Развој на малите и средни претпријатија и претприемништвото

- Создавање на поволен амбиент за иновативен развој на МСП

---

[44] неекономска категорија, која е потполно неоправдана. Ако е странскиот производ поефтин и подобро брендиран, зошто да се помага неспособноста на домашните фармери. Досега практиката покажала дека секоја субвенција до земјоделецот е контра – продуктивна. Тие се и онака мошне верзирани за искористување на секоја можност која ја дава државата, а која ништо не ги чини (не беа регистрирани, земаа социјална помош, секаков вид друга помош, беа инволвирани повеќе во партиски, отколку во земјоделски работи...), а до пред кратко време никому нушто не плаќаа (ниту даноци на продадени производи).

[45] Не постои понеостварлива идеја. Скопје се смее на вакви редови.

[46] Одговорно тврдиме дека Пелагонија нема капацитет да најде такви пазари, дури и со државни субвенции.

[47] "туристичкиот вредносен синџир" – ова е бисер

[48] Не постои туристичка администрација никаде во оваа земја

[49] Какви услуги? Кој услужува, а кој е услужен, каков е тој приватен сектор?

[50] Повеќе пати пробано во Македонија и секој пат проектот престанал после финансирањето од страна. Дури и на места, кои имаат одреден број туристи во лето (езерски туризам) и кои се блиску со грчката граница, овие проекти немале самоодржливост ипропаднале. Позитивно е тоа што луѓето си ги реновираа куќите на туѓа сметка.

- Подигнување на нивото на едукација и образование на човековите ресурси во МСП
- Промоција на Јавно-приватно партнерство

**4.8. Општи приоритети**

- Брендирање на Пелагонискиот регион
- Поддршка на иницијативите за општински индустриски зони
- Поддршка на индустријата за тутун
- Поддршка на индустријата за мермер
- Поддршка на пилот проект за ефикасно користење на енергијата во Општинската зграда на Прилеп
- Координација на локалните учесници за пормоција на ЛЕР
- Поддршка на ЛЕР одделенијата во Единиците за локална самоуправа
- Поддршка на ИТ академија
- Поддршка на регионална и општинска иницијатива за отпад
- Поддршка на општинската шема за водоснабдителна мрежа

За сите овие желби може да ни помогне само целиот буџет на Германија. Да не е толку трагично би било смешно ова да се напише и уште да се нарече анализа и плански акт.

Светот планира **индикативно** и најпрво **ги јакне виталните елементи на конструкцијата** (кај нас е тоа производството на земјоделски производи), прави план како да ги превлада недостатоците, кои би го урнале идниот систем и инвестира само таму каде ќе види дека системот ќе биде урнат. Останатите делови ги дава под **лиценца на приватни фирми**, кои ќе работат на бизнис основа (услуги за производителите).

Значи, ако Пелагонија произведува пиперки, ако производството може да се зголеми, ако се тие квалитетни производи (екстремно се квалитетни, можеби меѓу најдобрите во светот), тогаш се оди на прва фаза, а тоа е повикување на фирми, кои веќе успеале да пласираат таков вид производи на странските пазари, со прашање дали ќе сакаат да го земат цел регион и да предизвикаат ланец од производство до пласман, со државна поддршка, пари, гаранции, целосен административен потенцијал и странски амбасади? Договарањето е клучно и мора да се предвидат награди и пенали.

После тоа, се дефинираат успешните производи, кои веќе одат на странските пазари, со спецификација каде – што оди, какви се купувачките навики и сл. Се произведува таков производ, се пакува од врвна фирма (првите 10 такви не се во Пелагонија, туку во Скопје) се измислува питка и ефикасна приказна, која е божем поврзана со нашето поднебје, се става на купувачки скрининг во домашните продавници, а потоа и во соседните земји (се тестира производот со бесплано нудење мали контрингенти за проба, се плаќа на фирма дистрибутер, рекламер, се плаќаат познати спортисти, јавни личности од светот на забавата[51]...).

Заедно со тоа се ветување субвенции за производство на пиперки. Останатото е чиста техника, но ако во тоа (на било кој начин) се замеша политиката, сета конструкција паѓа во вода.

**Ако кажеме дека барем десетина пати сето ова е правено (направено е) и завршило на потполно ист начин (претходна реченица), тогаш сите видови планирања се непотребни и развој нема да има.**

---

[51] Секој маркетинг менаџер од Измир, Благоевград или подобар факултет на запад, како и менаџер, кој ќе го преложи Procter & Gamble, Saatchi & Saatchi или други такви компании тоа го знае и може мошне лесно да го спроведе во дело, се разбира, ако не е кочен и блокиран одполитичарите, кои се единствената причина зошто сме сиромашни, невработени, полуписмени...